РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1278/9
22-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1278/1 од 09.04.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за избор на директор на Културниот дом „--------", **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој извршил надзор и преземал инспекциски мерки во своја надлежност, по што се отстранети утврдените неправилности во предметната постапка, односно разрешен е директорот кој не ги исполнил условите утврдени со закон и на негово место е именувано друго лице.

Предметот со број 12-1278/1 од 09.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 09.04.2025 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за избор на директор на Културниот дом „--------", општина ---------- и оформен е предмет број 12-1278/1 од 09.04.2025 година.
Во пријавата се наведува дека во последниот квартал на 2024 година била спроведена постапка по јавен оглас за избор на директор на Културниот дом „--------", с. ---------, општина ------------, спротивно на Законот за култура, во која бил избран кандидат кој не ги исполнувал предвидените услови и критериуми за избор на директор во предметната културна установа. Кон пријавата е приклучено писмено со број 12-1278/3 од 21.05.2025 година, доставено од непознат подносител а во кое се изнесени истите предметни наводи.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Државниот управен инспекторат да изврши надзор над гореспомената постапка во смисла на исполнетоста на условите утврдени во Законот за култура кои се однесуваат за избор на директор на предметната установа и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

Во доставениот одговор на Државниот управен инспекторат е наведено дека инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат овластени инспектори вработени во Одделението за инспекциски надзор- Сектор за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура и туризам. Врз основа на наведеното со административен допис ИП1 БР.12-190 од 22.05.2025 година барањето на ДКСК е доставено на нивно надлежно постапување.

Дополнително, ДКСК побара од Министерството за култура и туризам да изврши надзор над гореспомената постапка во смисла за исполнетоста на условите утврдени во Законот за култура кои се однесуваат на лицето за избор на директор на предметната установа и за исходот да се извести Државната комисија, со достава на прилог документација.

По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилог документација и од увидот на доставеното и наведеното во него констатирана е следната фактичка состојба:

Во доставеното известување на Министерството за култура и туризам на РСМ е наведено дека на 17.06.2025 година бил извршен вонреден инспекциски надзор на Културниот дом „--------“, општина ------------ по однос на наводите од пријавата, при што од страна на овластен инспектор за туризам и култура бил изготвен Записник број ИП 1 БР 57-42 од 20.06.2025 година, со констатирана повреда на Закон. Имено, инспекторот констатирал дека во предметната постапка било избрано лице кое не ги исполнува условите за директор предвидени во членот 29 став (3) алинеја 4 од Законот за култура што значело дека кандидатот не поседува минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело, а исто така согласно со член 30 став (1) од Законот за култура, кандидатот немал доставено предлог програма за работа и развој на установата, како посебен услов во постапката.

Врз основа на констатираните неправилности, од страна на управниот инспектор се преземени следните инспекциски мерки:

- согласно член 85 став 1 точка 1 од Законот за култура, дадено е Укажување на субјектот на надзорот за во иднина доследно да се почитува членот 51 од Законот за буџетите, односно дека Единка корисник на буџетски средства може да пополнува работни места само под услов дека

се обезбедени финансиски средства од Буџетот на РСМ, односно дека во иднина при распишување на јавен оглас за избор на директор на јавна установа од областа на културата, потребно е претходно да биде обезбедена и согласност од Министерството за финансии;
-по однос на неисполнување на услови кои треба кандидатот да ги исполнува во постапката за избор на директор, инспекторот ќе донесе Решение со наредба со кое на субјектот на надзорот ќе му биде определен рок за отстранување на утврдените неправилности согласно член 85 од Законот за култура а в.в со член 79 став 2 алинеја 6 од Законот за инспекциски надзор, каде е наведено инспекторот има право да изрече опомена или друга инспекциска мерка и рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

На 16.09.2025 година до ДКСК е доставено Известување со достава на списи со бр. ИП1 бр. 57-42 од 10.09.2025 година со кое Секторот за управен и инспекциски надзор ја известува ДКСК дека на ден 15.08.2025 година е извршен контролен надзор во Општина ---------- над предметната постапка, за што е изготвен Записник ИП1 бр. 57-42 од 18.08.2025 г. при што е констатирано дека културната установа постапила по донесеното Решение со наредба ИП 1 бр. 57-42 од 04.07.2025 година, односно донесено е решение за разрешување на директорот на ОУ Културен дом „--------“ с. ---------, ---------- ----------, за кој е утврдено дека не ги исполнува условите за избор на оваа должност и донесено е решение за именување на лицето --------- -------- за ВД Директор на оваа културна установа (бр. 08-1256/1 од 01.08.2025 година). Оваа промена е потврдена и со увид во податоците на Централен регистар на РСМ.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам на РСМ кој извршил надзор при кој биле утврдени неправилности во предметната постапка за избор на директор и биле преземени инспекциски мерки за отстранување на истите. Во дадениот рок биле отстранети неправилностите, односно разрешен е директорот кој не ги исполнил условите утврдени со закон и на негово место е именувано друго лице.

Оттаму, ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК